# I. Економски движења во Република Македонија

## Основни индикатори за економските движења

| | | Износ | Тековен месец / претходен месец | Тековен месец / ист месец од претходна година | Период / ист период од претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | месец | | | во % | |
| **Трошоци на животот** | XI.2003 | - | 0,6 | 1,9 | 1,1 |
| **Цени на мало** | XI.2003 | - | 0,4 | 2,4 | 2,4 |
| **Цени на производители на индустриски производи** | XI.2003 | - | 0,6 | -0,3 | -0,3 |
| **Индустриско производство** | XI.2003 | - | -5,5 | 0,5 | 6,1 |
| | | во денари | | | |
| **Номинална просечна нето плата** | X.2003 | 12.143 | 1,1 | 3,5 | 5,3 |
| **Реална просечна нето плата** | X.2003 | - | 1,1 | 2,0 | 4,3 |
| | | во милиони денари | | | |
| **Буџетски приходи** | XI.2003 | 4.246 | -17,9 | -3,1 | -5,1 |
| **Буџетски расходи** | XI.2003 | 4.539 | -6,8 | 4,9 | -14,0 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и Министерство за финансии.

## 1.1. Цени

*Во ноември 2003 година е регистрирана месечна стапка на инфлација од 0,6%...*

*...и просечна стапка на инфлација од 1,1%*

Во ноември 2003 година, месечната стапка на инфлација изразена преку промената на трошоците на животот изнесуваше 0,6%. Пораст е регистриран кај сите трошковни категории, со исклучок на трошоците за сообраќајни средства и услуги кои беа пониски за 0,4% на месечна основа. Највисок пораст од 1,3% е регистриран кај трошоците за исхрана, поради повисоките цени на земјоделските производи. Структурно анализирано, трошоците за стоки оствариja повисок пораст (0,7%), од порастот на трошоците за услуги (0,2%). На годишна основа, трошоците на животот беа повисоки за 1,9%, а во просек за 1,1% (првенствено како одраз на просечниот пораст на трошоците за услуги од 5,9%).

Графикон 1
Трошоци на животот
(во %)




*Месечно зголемување на цените на мало од 0,4%...*

*...и идентичен годишен и просечен пораст од 2,4%*

Цените на мало во ноември 2003 година беа повисоки за 0,4% на месечна основа. Порастот се должи на зголемените цени на земјоделските производи за 9,5% (поради сезонски повисоките цени на зеленчукот за 21,9% и овошјето за 0,5%) и цените на пијалоците за 0,4% (како одраз на зголемените цени на безалкохолните пијалоци за 0,8%). Од друга страна, падот на цените на индустриско прехранбените производи и цените на непрехранбените индустриски производи од 0,5% и 0,1%, соодветно, придонесе за релативизирање на ефектот од високиот пораст на цените на земјоделските производи. Притоа, годишната и просечната стапка на пораст на цените на мало регистрирани во овој месец беа идентични (2,4%) и условени од повисоките цени на услугите (за 5,6%).

Графикон 2
Цени на мало
(во %)



***Цените на производителите на индустриски производи во ноември 2003 година остварија месечен пораст од 0,9%...***

Во ноември 2003 година цените на производителите на индустриски производи беа повисоки за 0,6% на месечна основа. Набљудувано според главните групи на индустриски производи, највисок пораст од 1,5% е регистриран кај цените на производителите на нетрајни производи за широка потрошувачка, согласно повисоките цени на производителите на прехранбени производи и пијалоци за 2,2%. Пораст на цените од 0,2% е регистриран кај цените на производителите на енергија, условен од порастот на цените на производителите на нафтени деривати од 0,5%. Цените на производителите на интермедијарни производи (освен енергија) беа повисоки за 0,2%, поради порастот на цените на производителите на основни метали од 1,4%. Единствено цените на производителите на капитални производи беа пониски за 0,2%, додека цените на производителите на трајни производи за широка потрошувачка се задржаа на нивото од претходниот месец. Во просек, цените на производителите на индустриски производи забележаа пад од 0,3%, како одраз на пониските цени на производителите на нетрајни производи за широка потрошувачка и капитални производи.

***...додека на кумулативна основа беа пониски за 0,3%***

Графикон 3
Цени на производителите на индустриски производи
(во %)

